Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE
Бр./Nr. 02-611/1
10.05.2022
Охрид/Ohër

4. слобода графици општа отпа...

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од статутот на Национална Установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид, Управниот одбор на својата втора седница одржана на ден 10.05.2022 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за промена на летното работно време
на подружниците Музеј на вода-Градиште и Самуилова Тврдина, и утврдување на неработни денови во сите подружници на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-
Охрид

Член 1

Се врши промена на летното работно време во подружниците Музеј на вода-Градиште и Самуилова Тврдина при НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј- Охрид, при што се утврдува една смена која ќе трае од 09:00 часот до 17:00 часот.

Член 2

Се утврдува шест дневна работна недела во предметните подружници, при што Понеделник се утврдува за неработен ден во истите.

Дополнително како неработни денови во подружниците се утврдуваат и следните државни празници: 01 јануари (Нова Година), 07 јануари (Божиќ), првиот ден на Божиќ според православниот календар, првиот ден на  Велигден православниот календар и 8 септември (Ден на независноста).

Член 3

Оваа одлука  влегува во сила на денот на донесувањето и ќе се објави на огласната табла на НУ Завод и Музеј-Охрид.

Доставено до:

- Претседателот и членовите на Управен одбор;
- До сите подружници на НУ Завод и Музеј – Охрид.
- Сметководство;
- Правна служба;
- Архива;
- Огласна табла.

Во акта - Арх. знак: 0202
Рок на чување: трајно
10.05.2022 г.
Потпис: [signature]

Претседател на УО,
Валентино Димитровски

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК